# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА


**Службен гласник на Општина Кисела Вода**
**Излегува по потреба**
**Рок на рекламации 15 дена**
**www.kiselavoda.gov.mk**

**15 Октомври 2025**
**Скопје**
**Број 15, година XX**
**contact@kiselavoda.gov.mk**


**Скопје, Октомври 2025 година**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија "бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода ("Службен гласник на Општина Кисела Вода бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објава на Заклучок за усвојување на Полугодишен финансиски извештај за период од 01.01.2025 до 30.06.2025 година на ЈКП КИСЕЛА ВОДА 2022 Скопје**

1. Со ова Решение се објавува Заклучокот за усвојување на Полугодишен финансиски извештај за период од 01.01.2025 до 30.06.2025 година на ЈКП КИСЕЛА ВОДА 2022 Скопје, донесен на Шеесет и првата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 13 октомври 2025 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08-9731/1
15.10.2025 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 112 од Статутот на Општина Кисела Вода – пречистен текст („Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр. 01/2020), а расправајќи по Полугодишниот финансиски извештај за период од 01.01.2025 до 30.06.2025 година на ЈКП КИСЕЛА ВОДА 2022 Скопје, Советот на Општина Кисела Вода на Шеесет и првата пленарна седница, одржана на 13 октомври 2025 година, го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К

**за усвојување на Полугодишен финансиски извештај за период од 01.01.2025 до 30.06.2025 година на ЈКП КИСЕЛА ВОДА 2022 Скопје**

1. Со овој Заклучок се усвојува Полугодишниот финансиски извештај за период од 01.01.2025 до 30.06.2025 година на ЈКП КИСЕЛА ВОДА 2022 Скопје.

2. Заклучокот да се достави до Секторот за образование, предучилишно воспитување, спорт и култура, ЈКП КИСЕЛА ВОДА 2022 Скопје и Градоначалникот на Општина Кисела Вода.

3. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 09-9461/3
13 октомври 2025 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Светлана Колариќ с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија "бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода ("Службен гласник на Општина Кисела Вода бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

## РЕШЕНИЕ

**за објава на Одлука за донесување на План за парцелација од Урбанистички проект согласно Член 63 од Закон за урбанистичко планирање (Сл. Весник бр.32/20, 111/23, 171/24, 40/25 и 101/25, 127/25) за ГП 2.35 и ГП 2.38 формирани со ДУП за Градска Четврт Ј20 блок 07, КО Кисела Вода 1, Општина Кисела Вода**

1. Со ова Решение се објавува Одлуката за донесување на План за парцелација од Урбанистички проект согласно Член 63 од Закон за урбанистичко планирање (Сл. Весник бр.32/20, 111/23, 171/24, 40/25 и 101/25, 127/25) за ГП 2.35 и ГП 2.38 формирани со ДУП за Градска Четврт Ј20 блок 07, КО Кисела Вода 1, Општина Кисела Вода, донесена на Шеесет и првата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 13 октомври 2025 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08-9731/2
15.10.2025 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 22 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 63 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на РСМ" бр.32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25, 127/25), Советот на Општина Кисела Вода на Шеесет и првата пленарна седница, одржана на 13 октомври 2025 година, донесе:

**О Д Л У К А**

**за донесување на План за парцелација од Урбанистички проект согласно Член 63 од Закон за урбанистичко планирање (Сл. Весник бр.32/20, 111/23, 171/24, 40/25 и 101/25) за ГП 2.35 и ГП 2.38 формирани со ДУП за Градска Четврт Ј20 блок 07, КО Кисела Вода 1, Општина Кисела Вода**

**Член 1**

Со оваа одлука се донесува План за парцелација од "Урбанистички проект согласно Член 63 од Закон за урбанистичко планирање (Сл. Весник бр.32/20, 111/23, 171/24, 40/25,101/25, 127/25) за ГП 2.35 и ГП 2.38 формирани со ДУП за Градска Четврт Ј20 блок 07, КО Кисела Вода 1, Општина Кисела Вода".

Со Урбанистичкиот проект со план за парцелација за ГП 2.35 и ГП 2.38, се врши разработка на Деталниот урбанистички план за Градска Четврт Ј20 блок 07, (Одлука бр.07-2838/18 од 11.04.2017 година), Општина Кисела Вода - Скопје.

**Член 2**

Составен дел на оваа Одлука е Графичкиот прилог: План за парцелација за ГП 2.35 и ГП 2.38 формирани со ДУП за Градска Четврт Ј20 блок 07.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кисела Вода".

Број 09-9461/4
13 октомври 2025 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Светлана Колариќ с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија “бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода (“Службен гласник на Општина Кисела Вода бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објава на Одлука за донесување Урбанистички проект со план за парцелација за утврдување на нова парцелација на ГП 13.1.1 со намена А2.1 – станбени згради од ДУП Ј13 Општина Кисела Вода (донесен со Одлука бр.07-113/7 од 24.06.2014г)**

1. Со ова Решение се објавува Одлуката за донесување Урбанистички проект со план за парцелација за утврдување на нова парцелација на ГП 13.1.1 со намена А2.1 – станбени згради од ДУП Ј13 Општина Кисела Вода (донесен со Одлука бр.07-113/7 од 24.06.2014г), донесена на Шеесет и првата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 13 октомври 2025 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08-9731/3
15.10.2025 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 22 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 5/02) и член 63 од Законот за урбанистичко планирање (“Службен весник на РСМ“ бр.32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25, 127/25), Советот на Општина Кисела Вода на Шеесет и првата пленарна седница, одржана на 13 октомври 2025 година, донесе:

## О Д Л У К А

**за донесување Урбанистички проект со план за парцелација за утврдување на нова парцелација на ГП 13.1.1 со намена А2.1 – станбени згради од ДУП Ј13 Општина Кисела Вода (донесен со Одлука бр.07-113/7 од 24.06.2014г)**

### Член 1

Со оваа одлука се донесува План за парцелација од “Урбанистички проект согласно Член 63 од Закон за урбанистичко планирање (Сл. Весник бр.32/20, 111/23, 171/24, 40/25,101/25, 127/25) со план за парцелација за ГП 13.1.1 формирана со ДУП за Градска Четврт Ј13, КО Кисела Вода 1, Општина Кисела Вода“.

Со Урбанистичкиот проект со план за парцелација за ГП 13.1.1, се врши разработка на Деталниот урбанистички план за Градска Четврт Ј13, (Одлука бр.07-113/7 од 24.06.2014 година), Општина Кисела Вода - Скопје.

### Член 2

Составен дел на оваа Одлука е Графичкиот прилог: План за парцелација за ГП 13.1.1 формирана со ДУП за Градска Четврт Ј13.

### Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 09-9461/5
13 октомври 2025 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Светлана Колариќ с.р.

**С О Д Р Ж И Н А:**

1. Заклучок за усвојување на Полугодишен финансиски извештај за период од 01.01.2025 до 30.06.2025 година на ЈКП КИСЕЛА ВОДА 2022 Скопје;
2. Одлука за донесување на План за парцелација од Урбанистички проект согласно Член 63 од Закон за урбанистичко планирање (Сл. Весник бр.32/20, 111/23, 171/24, 40/25 и 101/25, 127/25) за ГП 2.35 и ГП 2.38 формирани со ДУП за Градска Четврт Ј20 блок 07, КО Кисела Вода 1, Општина Кисела Вода;
3. Одлука за донесување Урбанистички проект со план за парцелација за утврдување на нова парцелација на ГП 13.1.1 со намена А2.1 – станбени згради од ДУП Ј13 Општина Кисела Вода (донесен со Одлука бр.07-113/7 од 24.06.2014г);